**Влада на Република Северна Македонија**

Бр.44-3578/2
Скопје, 30 април 2020 година

ДО МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

<u>С К О П Ј Е</u>

Предмет: **Извадок од Триесет и деветтиот состанок на Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID-19, одржан на 30 април 2020 година**

Главниот координативен кризен штаб за обезбедување целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус COVID – 19, на Триесет и деветтиот состанок, одржан на 30 април 2020 година, се информираше со Одговорот доставен од Министерството за здравство под бр.17-3490/1 од 30.4.2020 година и истиот го проследи на запознавање и понатамошно постапување до Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ.

ГЛАВЕН КООРДИНАТИВЕН
КРИЗЕН ШТАБ

**Прилог 1:** Одговор доставен од Министерството за здравство под бр.17-3490/1 од 30.4.2020 година

ДОСТАВЕНО И ДО:
- Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ


Генерален секретаријат
Влада на Република Северна Македонија
Бул. „Илинден" бр. 2, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3118 022
www.vlada.mk

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 30-04-2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Ед. Njësia Org. | Број: Numri: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 44 | 3578 | 1 | |

Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

број 17-3490/1 од 30.04.2020 година

ДО: Генерален Секретаријат на Владата на Република Северна Македонија
Главен координативен кризен штаб за обезбедување на целосна координација во врска со спречување на внесување и ширење на Коронавирус CoVid-19

ПРЕДМЕТ: Давање мислење

ВРСКА: Ваш број 44-3086/3 од 29.04.2020 година

Почитувани,

Во врска со дописот со цитираниот број и датум, а со кој што ни го проследувате Одговорот на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените – ЕСЕ, Ве известуваме дека Министерството за здравство со внимание истото го разгледа, и утврди дека барањата во одговорот не се во надлежност на Министерството. Имено, обезбедувањето на чиста вода за пиење е во надлежност на локалните самоуправи, не во надлежност на Министерството за здравство. Обезбедувањето на простор за живеење, независно дали е во период на епидемија или не, не е надлежност на Министерството за здравство, како ни обезбедување на средства за хигена, трошоци за превоз или телефон и слично. При тоа, сакаме да нагласиме дека евентуалното лекување во јавните здравствени установи од CoVid-19 е бесплатно за сите државјани на Република Северна Македонија, независно од статусот на осигурување, што значи и имотниот (материјалниот) статус не е пречка за добивање на здравствената услуга.
Достапноста на примарното здравство на сите лица се одвива како и досега, односно секој пациент може да стапи во контакт со својот матичен доктор како и досега. и истото не е детерминирано од постоење или непостоење на епидемија.
За делот на прашања кои повеќе навлегуваат во сферата на социјална заштите, Ве упатуваме да се обратите во Министерството за труд и социјална политика.

Со почит,

МИНИСТЕР,
Доц. Д-р. Венко Филипче

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО · РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА · REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT · MINISTRIA E SHËNDETËSISË · СКОПЈЕ · SHKUP

Доставено до:
- КПВРСМ
- ГС на ВРСМ
- ГККШ
- архива

Изготвил/Одобрил: Јован Рртовски / Љубинка Ташева / Вања Андонова